# Повик за предавачи за обуки на новинари и медиумски работници на тема „Правата и безбедноста на новинарите и вмрежувањето како начин за акција“

Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници во рамките на проектот „Зајакнување на интегритетот и безбедноста на локалните новинари/ки и медиумски работници“ дел од проектот „Тренинг-Академија за новинари и медиумски работници – T-AJM“ финансиски поддржан од Европската Унија, а во реализација на Здружението на новинари на Македонија – ЗНМ и партнерските организации, Иницијативата за европска перспектива – ИЕП, и Европската федерација на новинари – ЕФН, предвидува одржување на две дводневни обуки за новинари и медиумски работници од локалните и регионалните медиуми на тема правата и безбедноста на новинарите и вмрежувањето како начин за акција.

За таа цел се распишува овој јавен повик за доставување на понуди за двајца предавачи, кои ќе имаат задача да подготват соодветна програма за работилницата и да одржат предавање согласно договореното.

Повеќе информации за техничките услови видете во продолжение.

**Информации за повикот**

Постапка: Отворен повик

Тип на договор: Договор за набавка на услуги

Повикот е отворен за физички лица (самостојно или конзорциум / тим од двајца надворешни соработници/експерти).

**Потребни документи**

- Професионална биографија , со најмалку три референци

- Изјава (Анекс 1)

- Финансиска понуда (Анекс 2)

- Предлог за програма (теми или наслови на соодветните сесии)

- Доказ за резидентност согласно домашната легислатива (копија од пасош)

**Начин и рок на аплицирање**

Заинтересираните треба да ја достават својата апликација (професионална биографија, доказ за резидентност за физичко лице, предлог за програма и пополнети Анекс 1 и Анекс 2) преку електронска пошта на ssnm.info@gmail.com или лично во канцеларијата

на ССНМ на адреса бул. Климент Охридски бр. 58б, со назнака „Апликација за работилница T-AJM -0307-023/1-2024-001“.

Крајниот рок за доставување на апликации е 10.05.2024 (петок).

Референтен број: T-AJM -0307-023/1-2024-001. Наслов на проектот: „Зајакнување на интегритетот и безбедноста на локалните новинари/ки и медиумски работници“. Лот: 3.1 -Обуки А.1.

**ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ**

(TERMS OF REFERENCE)

# За предавачи на обуки на новинари и медиумски работници на тема „Правата и безбедноста на новинарите и вмрежувањето како начин за акција“

**За проектот**

Проектот „Зајакнување на интегритетот и безбедноста на локалните новинари/ки и медиумски работници“ има за цел да придонесе кон подобрување на условите за работа на новинарите и медиумските работници од локалните и регионалните медиуми, да го зајакне нивниот интегритет и нивната безбедност, како и да отвори можност за заедничка акција за одбрана на своите права преку вмрежување.

Прекаријатската положба и несигурноста на работните места е спомената и во Извештајот за напредокот на Македонија кон ЕУ (2022, стр. 30) каде е означено дека ваквиот недостаток на услови за функционирање води кон немање доволен интегритет, како на самите медиуми и нивните раководни структури, така и на новинарите и медиумските работници кои работат во нив. Сето горенаведено, ниските плати, слабата заштита на професионалните и работничките права отвора голем простор за силно влијание не само за сопствениците на медиумите врз уредувачката политика (Извештај за напредокот кон ЕУ, 2022, стр. 30), туку и на други општествени, политички и бизнис групи во земјата.

Претходно наведените проблеми и услови во кои работат, се уште посериозно изразени кога станува збор за новинарите и медиумските работници кои работат во локални или регионални медиуми, вклучувајќи ги и дописниците. Заедниците надвор од главниот град се особено лишени од важни, аналитични и навремени информации од локален или регионален карактер токму како резултат на незавидната состојба во која се наоѓаат новинарите и медиумските работници. Според последното истражување на ССНМ, платите, односно приходите на локалните новинари и

медиумски работници се под просечната плата и поради тоа тие се приморани да работат за повеќе од еден медиум.

Исто така, новинарите и медиумските работници често ги истакнуваат проблемите со кои се соочуваат при нивните контакти со локалните надлежни институции, како и други проблеми при извршувањето на нивните секојдневни работни задачи.

Досега не е забележан посериозен обид за заедничка, структурирана и системска борба за заштита на правата на новинарите и медиумските работници од локалните средини. Потребни се низа на акции за подобрување на состојбата и условите во кои работат новинарите и медиумските работници од локалните средини, без разлика на тоа што се работи за чинители кои географски се распространети низ целата држава. Оттука, е и главната цел на овој проект која опфаќа две насоки и тоа: едуцирање и обука за новинарите и медиумските работници од локалните средини за нивните права (и работнички и професионални), начините за борба и нивна заштита, и воедно нивно здружување односно вмрежување со цел остварување на нивните права преку заедничка и солидарна борба. Главниот мотив за ваквиот пристап произлегува токму од самите новинари и медиумски работници од локалните и регионалните медиуми кои прифаќаат и гласно говорат дека не постои професионално, објективно и одговорно известување без соодветни социо-економски услови.

Општа цел на проектот:

Подобрување на работните услови и зајакнување на интегритетот и безбедноста на локалните новинар(к)и и медиумски работници, и на новинарките за поголема слобода на изразување.

Специфична цел:

Зголемување на капацитетите на медиумските работници од локалните и регионалните медиуми за заштита на нивните права преку здружување и вмрежување, како и подигање на свеста за важноста на правата на новинарките и кај државните институции за заштита на слободата на изразување и безбедноста на новинар(к)ите.

**<u>Контекст за повикот</u>**

Овој проект е продолжение на активностите и дејствијата кои ССНМ ги презема во текот на претходните години и се базира на податоците и истражувањата кои беа собирани директно од новинарите и медиумските работници, а се однесуваат на нивната социо-економска и безбедносна состојба, односно на условите во кои работат и правата кои им припаѓаат.

Една од основните активности предвидени со овој проект се обуките за новинари и медиумски работници од локалните и регионалните медиуми. Овие обуки се замислени како комбинација од подобрување на знаењето и вештините на новинарите и медиумските работници за заштита на нивните работнички права,

зголемување на знаењето и механизмите за заштита на нивната безбедност при изршување на нивните професионални задачи, како и потенцијално вмрежување кое би било основа за заедничка акција за заштита на своите права.

За таа цел предвидени се две дводневни обуки за новинари и медиумски работници од локалните медиуми, но и дописници за националните медиуми на кои слушателите би се здобиле со знаења за работничките права кои им следуваат, механизмите за заштита на нивната безбедност и потенцијалните придобивки од заедничка акција.

Од средбите, истражувањата и анкетите кои ССНМ ги има изработено во последните години беше недвосмислено покажано дека новинарите и медиумските работници недоволно ги познаваат своите права, а и ретко се обидуваат организирано да ги заштитат. Документите кои произлегоа од овие истражувања покажаа дека се потребни постојана борба за здружување за заштита на правата на новинарите кои се основа за професионално известување, како и обуки за начините за заштита и зголемување на солидарноста помеѓу новинарите и медиумските работници.

Како главни теми кои се издвоија како приоритетни кога се работи за таргет групата – новинари и медиумски работници од локалните медиуми и дописниците се:

1. Едукација за работничките права на новинарите и медиумските работници

2. Едукација за механизмите за заштита на работничките права

3. Едукација за начините на заштита и механизмите за заштита на безбедноста на новинарите и медиумските работници

4. Начини на заштита на правата на новинарите и медиумските работници од локалните медиуми

5. Заедничко дејствување, здружување за поефикасна заштита на правата.

**Цел на повикот**

Целта на овој повик е ангажирање на надворешни соработници /експерти – физички лица (самостојно или конзорциум / тим од двајца до тројца надворешни соработници /експерти) за изработка на програма за одржување на дводневна обука на зададените теми.

Модули за дводневните обуки:

1. Работничките права на новинарите и медиумските работници

2. Вмрежување / заедничко дејствување за заштита на правата

3. Безбедноста на новинарите и медиумските работници и механизмите за заштита

Модулите треба да бидат прилагодени за две нивоа на подготвеност на учесниците (основно и напредно) и кандидатите треба да бидат подготвени за одржување на обуките со физичко присуство без разлика на локацијата каде тие ќе бидат одржани.

**Задачи:**

Клучните задачи и одговорности на ангажираниот надворешен соработник / експерт – физичко лице (самостојно или конзорциум / тим од двајца до тројца надворешни соработници /експерти) за изработка на една програма со модули вклучуваат:

- Подготвителни активности: Преглед на сите достапни истражувања, документи за политики, постоечки програми за тренинзи, подготовка на конкретните теми за сесиите, прилагодување на програмата согласно типот на учесниците кои ќе се пријават.

- Подготовка на презентацијата/предавањето: Изработка на презентација за предавање на обуката на новинари и медиумски работници што вклучува најмалку две теми од предвидените.

- Подготовка на агендата за обуката во соработка со организаторот, односно тимот на проектот, како и предлог на прашалник за евалуација на обуката.

Финалниот продукт треба да биде на македонски јазик.

**Временска рамка**

Согласно планот за реализација на обуките за обучувачите предвидени се два дена подготовка и два дена извршување на задачите за двете дводневни обуки.

Напомена: Предавачите треба да бидат достапни двата дена од обуките во случај да биде изработена агенда со комбинирани сесии/саатници.

**Потребни квалификации**

Заинтересираните треба да ги исполнуваат следните минимални услови:

- Универзитетска диплома (по право, трудово право, човекови права, безбедност, новинарство, или друга сродна област релевантна за програмата за која се аплицира) или најмалку пет години докажано искуство / експертиза во областа на програмата за која се аплицира

- Темелно разбирање за состојбите со медиумите во Македонија

- Истражување и следење на состојбата со работничките права во медиумите во Македонија

- Истражување и следење на медиумските политики и/или законските аспекти поврзани со безбедноста и правата на новинарите, слободата на изразување и медиумската независност

- Претходно изработени програми и/или одржани обуки на теми за кои се аплицира ќе се смета за предност

- Одлични аналитички и пишувачки вештини

- Способност за тимска работа

- Напредно познавање на англискиот јазик ќе се смета за предност

**Напомена: Заинтересираните кандидати треба да доставaт професионална биографија, со референци за претходно искуство и предлог за модулите/темите за кои што се пријавуваат, на најмногу две страни, А4 формат.**

**Финансиски надомест**

Максималниот буџет за оваа набавка изнесува 222 евра бруто за еден експертски ден во денарска противвредност и ги вклучува сите трошоци што можат да се појават во текот на извршувањето на работата.

Плаќањето ќе се врши според следнава динамика:

• 100 % по извршување на сите задачи од договорот, односно по секоја завршена обука.

**Оценка на добиените понуди за набавката:**

Оценката на добиените понуди за набавката за обучувачи ќе биде направена од проектна комисија која ќе ја состави ССНМ.

Критериумите за избор на обучувачи се: висина на финансиската понуда, искуство на пријавените, искуство во областа за која се пријавуваат, стручна подготвеност на пријавените. Критериум за доделување на договорот е најдобрата вредност за парите, соодветно на критериумите одредени од ССНМ во однос на подготвеноста на кандидатите.

Финансирано од Европска Унија

**АНЕКС 1 - Изјава**

за учество на повик за набавка на услуги

Скопје,___________, 2024

Референтен број: T-AJM -0307-023/1-2024-001. Наслов на проектот: „Зајакнување на интегритетот и безбедноста на локалните новинари/ки и медиумски работници“. Лот: 3.1 -Обуки А.1.

**ИЗЈАВА**

Јас, <име и презиме >, потврдувам дека нема основа за исклучување од учество во набавката

согласно одредбите од Основи за исклучување од учество во набавката.

Кандидатите или понудувачите ќе бидат исклучени од учество во постапката за набавка ако:

(1) биле во стечај или ликвидирани, склучиле договор со доверители на суд, суспендирале деловни активности или се во судска постапка по овие основи или се во слична ситуација како резултат на слична постапка предвидена со националните закони или прописи;

(2) лица кои имаат овластување да ги застапуваат, да донесуваат одлуки или имаат контрола над нив, биле осудени за прекршок поврзан со нивните деловни активности со правосилна пресуда на надлежен орган;

(3) се виновни за сериозно непрофесионално однесување докажано со какви било средства што корисникот може да ги идентификува;

(4) не ги исполниле своите обврски во врска со плаќањето придонеси за социјално осигурување или плаќањето даноци во согласност со законските прописи на РСМ;

(5) не работат во согласност со нивните обврски во врска со плаќањето придонеси за социјално осигурување или плаќањето даноци во согласност со законските прописи на земјата во која се основани или со оние во земјата на договорниот орган или оние во земјата каде што договорот ќе се спроведува.

(6) или лица кои имаат овластување да ги застапуваат, одлучуваат или контролираат се предмет

на конечна пресуда за измама, корупција, вмешаност во криминална организација, перење пари или

какво било друго незаконско работење;

(7) во моментов се предмет на административна постапка согласно законските прописи на РСМ.

Кандидатот или понудувачот мора да потврди дека не е во ниту една од горенаведените ситуации.

Точките од (1) до (4) не се однесуваат на набавка под исклучително поволни услови или од понудувач кој е во процес на завршување на својата деловна активност или е предмет или управник за ликвидација, преку договор со доверители, или преку слична постапка според националното законодавство.

Со потпишување на оваа изјава, потврдувам дека, јас <име и презиме >, не сум во ниту една од горенаведените ситуации.

Име:

Потпис:

Датум:

**АНЕКС 2 - финансиска понуда**

Скопје,___________, 2024

Референтен број: T-AJM -0307-023/1-2024-001. Наслов на проектот: „Зајакнување на интегритетот и безбедноста на локалните новинари/ки и медиумски работници“. Лот: 3.1 -Обуки А.1.

Модули за дводневна обука:
(да се наведе за кој модул)

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Работничките права на новинарите и медиумските работници | |
| 2 | Вмрежување / заедничко дејствување за заштита на правата | |
| 3 | Безбедноста на новинарите и медиумските работници и механизмите за заштита | |

Вкупна вредност: [ЕУР]*

Име на понудувачот:

Потпис:

Датум: